Уп. бр.08-100

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Месер СЕ & Цо КГаА (Messer SE & Co. KGaA), со седиште во Мессер Плац 1, 65812 Бад Соден ам Таунус, Сојузна Република Германија и Тојота Тсушо Европа С.А. (Toyota Tsusho Europe S.A.) со седиште на Белгикастраат 13, Завентем, 1930 Белгија, преку Адвокат Владо Илиевски од Скопје, на седницата одржана на ден 24.10.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на формирање на целосно функционално заедничко вложување од страна на Месер СЕ & Цо КГаА (Messer SE & Co. KGaA), со седиште во Мессер Плац 1, 65812 Бад Соден ам Таунус, Сојузна Република Германија и Тојота Тсушо Европа С.А. (Toyota Tsusho Europe S.A.) со седиште на Белгикастраат 13, Завентем, 1930 Белгија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 07.07.2023 година а дополнето на 17.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Месер СЕ & Цо КГаА (Messer SE & Co. KGaA), со седиште во Мессер Плац 1, 65812

Бад Соден ам Таунус, Сојузна Република Германија и Тојота Тсушо Европа С.А. (Toyota Tsusho Europe S.A.) со седиште на Белгикастраат 13, Завентем, 1930 Белгија, која се однесува на формирање на целосно функционално заедничко вложување од страна на Месер СЕ & Цо КГаА Германија и Тојота Тсушо Европа С.А. Белгија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Месер СЕ & Цо КГаА е холдинг компанија од групацијата компании Месер Груп (Messer Group), производител на индустриски гасови. Месер СЕ & Цо КГаА дејствува како менаџмент холдинг компанија и, заедно со нејзините филијали и заеднички компании (joint ventures), ја формира Мессер Груп. Месер Груп произведува и продава индустриски гасови, како кислород, азот, аргон, јаглерод диоксид, водород, хелиум, заварувачки гасови, специјални гасови, медицински гасови и многу разни гасни мешавини. Тие се употребуваат во разни индустриски сектори како обработка на челик и метал, хемикалии, храна и фармација, автомобилска и електронска индустрија, медицина, истражување и одржлива технологија.

Месер СЕ & Цо КГаА е присутен во Р. Северна Македонија како единствен содружник во МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Источна индустриска зона ББ, со главна дејност производство и продажба на индустриски, технички и медицински гасови.

МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ Скопје не е активен на некој пазар на продукти на кој ќе делува новото заедничко вложување и нема да учествува во планираниот заеднички бизнис.

Тојота Тсушо Европа е филијала целосно во сопственост на Тојота Тсушо Корпорацијата, трговска компанија која работи глобално со метали, делови и логистика, автомобили, машинерија, енергија и проекти, хемикалии и електроника, како и храна и скетори на услуги за потрошувачи. Дејностите на Тојота Тсушо Корпорацијата вклучуваат сектори на метали, развој, производство, набавки и продажба на автомобилски и авионски делови, дистрибуира автомобили на Тојота Мотор Корпорацијата и трети страни и соодветни услуги, проектирање и изведба на автомобилски производни линии и енергетски постројки, тргува со петрохемиски производи, полупроводници и компоненти на електрониката. Тојота Тсушо Корпорацијата почетно е основана да делува како независна трговска компанија за компаниите на Тојота Групацијата на компании. Денес, автомобилската дивизија на Тојота Тсушо Корпорацијата е сеуште основната дејност. Сепак, Тојота Тсушо Корпорацијата не е дел од Тојота Групацијата во однос на правилата

на Европската Унија за контрола на спојувањата, бидејќи не е контролирана од ниту една компанија или компании од Тојота Групацијата, директно или индиректно.

По основањето, новата компанија ќе биде заеднички управувана од Месер СЕ & Цо КГаА и Тојота Тсушо Европа, кои ќе имаат по 50% удел во капиталот, и ќе работи на трајна основа со сите функции на независно економско правно лице.

Новата Joint Venture компанија ќе нуди one-stop-shop услуги за флотни оператори, која услуга ќе обединува обезбедување на возила на водород, одржување и менаџирање на флотата возила, како и on site производство и снабдување со зелен водород и главно ќе се фокусира на проекти во Европа. Засега новото заедничко вложување нема да има деловни активности во Р. Северна Македонија. Ако во иднина има, новото заедничко вложување би формирала нова локална специјализирана фирма.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**